Бр. 12-1158/1
18.02.2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена на 06.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-тата седницата одржана на 14.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 06.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2606/1 од 06.05.2019 година, во кој се укажува на сомневање за нерегуларности и прекршување на правилата за однесување на јавните службеници за времетраење на работното време, во конкретниот случај од страна на јавниот службеник, -------------, вработен во ЈЗУ Општа болница ---------------------------, кој присуствувал и носел блуза со истакнат партиски симбол на прес конференцијата на политичката партија ----------------------, учесник во изборната кампања на изборниот процес 2019 година, која се одржала за времетраење на работното време, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2606/1 од 08.05.2019 година, поради променета фактичка состојба во конкретниот случај.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложеието, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2632/1 од 08.05.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за нерегуларности и прекршување на правилата за однесување на јавните службеници за времетраење на работното време во текот на изборен процес, во конкретниот случај од страна на јавниот службеник, -----------, вработен во ЈЗУ Општа болница ----------------, кој присуствувал и носел блуза со истакнат партиски симбол на прес конференцијата на политичката партија ---------------------, учесник во изборната кампања на изборниот процес 2019 година, која се одржала за времетраење на работното време.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

По увидот во содржината на пријавата и разгледување на наводите во истата, а при тоа имајќи во предвид законската регулатива и Упатството за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации за време на изборниот процес, Државната комисија во конкретниот случај констатира дека поради истек на подолг временски период од моментот на поднесување на пријавата во која се содржани наводите за сомневање за прекршување на правилата на постапување на јавните службеници за време на изборниот процес не постои можност за проверливост на наводите поради променета фактичка состојба.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk